Жил ИМБЕР — ДРОЗ, **Мемоари секретара Коментерне, I—II.** Издавачка радна организација „Рад" Београд 1982, (315+17 фот.; 413+18 фот).

Мемоарите на Жил Имбер-Дроз („Memoires de Jules Humbert-Droz") издадени во 1971 година, кај нас за првпат се појавуваат во 1982 во превод на српскохрватски јазик.

Жил Имбер-Дроз е швајцарски комунист, кој на предлог од В. И. Ленин бил избран за секретар на Коминтерната и оваа одговорна функција ја вршел во еден од најдраматичните периоди во историјата на меѓународното работничко движење, т.е. од 1921 до 1931 година. Од овој период авторот сочувал многу драгоцени документи, копии на доверливи извештаи што ги испраќал од странство до Коминтерната, лична кореспонденција со Морис Торез, Палмиро Тољати, Клара Цеткин, Војо Вујовиќ и други, како и приватни писма до неговата сопруга Жени, што го надминуваат со многу елементи приватниот карактер и во суштина се едно автентично сведоштво на едно време со толку бурни политичко-историски настани. Токму поради својата документираност и објективност, мемоарите на Ж. Имбер-Дроз се мошне значаен извор за еден период сè уште недоволно проучен и контраверзен.

Автентичните мемоари на Ж. Имбер-Дроз опфаќаат четири тома во францускиот оригинал. Четвртиот том на мемоарите го подготвила неговата сопруга врз основа на белешките и документите најдени во неговата заоставнина. Мемоарите, што се публикувани кај нас на српскохрватски јазик, се битно скратени и претставуваат најдобар избор на текстовите што завршуваат со 1938 година, кога Ж. Имбер-Дроз во својство на член на делегацијата на Комунистичката партија на Швајцарија престојувал за последен пат во СССР.

Мемоарите во превод на српскохрватски јазик опфатени се во два тома. Првиот том го дава периодот од 1891 до 1931 (7—314), а вториот периодот од 1931 до 1941 година (7—413). Првиот том започнува со вовед во кој авторот ги објаснува мотивите што го натерале да ги објави своите мемоари, без претензија дека ја пишува историјата на Коминтерната. Целата содржина на мемоарите, инаку, е поделена на три целости.

Првиот том започнува со делот под наслов „1891—1921" (7—56), но во суштина историските настани започнуваат со 1920 година, а не со 1891 како што стои во насловот. Издавачот направил важни скратувања на самиот почеток, во кој авторот го опишува своето детство, школувањето, публицистичката дејност, како и својата политичка активност во социјалистичкото движење во Швајцарија. Тежиштето на првиот дел започнува со 1920 година кога Ж. Имбер-Дроз, во својство на делегат на Комунистичката партија на Швајцарија, учествувал на Вториот и на Третиот конгрес на Коминтерната и кога бил избран во Извршниот комитет на Коминтерната како еден од трите извршни секретари на Третата интернационала. Објективното информирање за овој период од историјата на Коминтерната, како и истакнувањето на Лениновите политички концепции и на Лениновата личност,

секако се најдрагоцените страници на овој прв дел.

Вториот дел под наслов „1921—1931“ е поместен во првата книга (61—314), а воедно продолжува и во втората (7—209). Тоа е период од десет години кога Имбер-Дроз бил одреден да ги контролира и да ги води комунистичките партии на латинските земји (КП на Франција, КП на Италија, КП на Белгија, КП на Шпанија, КП на Португалија и комунистичките партии од Латинска Америка). Покрај информациите што ги дава за состојбата во западноевропските комунистички партии, особено за состојбата во редовите на КП на Франција и КП на Германија, од посебна важност се и страниците посветени на внатрешно-политичките судири во редовите на КПСС за остварување на глобалната политика на Коминтерната.

Од книгата на Имбер-Дроз јасно може да се следи политиката на Коминтерната која од Лениновата концепција за единствен фронт (и соработка со социјалдемократите) постепено ќе ја прифати Сталиновата концепција на социјалфашизмот и одбивање на каква било соработка со социјалдемократите што ќе има негативни последици врз меѓународното работничко и комунистичко движење.

Драгоцени се исто така и информациите за „Работничката опозиција“ што се појави во редовите на КПСС, за последните политички иступувања на В. И. Ленин, како и за Лениновиот политички тестамент од јануари 1923 и на крајот новиот создаден однос меѓу Коминтерната и СССР. Лениновото дијалектичко-историски оправдано поврзување на Коминтерната со првата социјалистичка држава, постепено ќе се нарушува. Со доаѓањето на Сталин на чело на КПСС, пишува Имбер-Дроз, „интересите на меѓународната револуционерна борба секогаш беа жртвувани заради интересите на руската држава. Прашањето на хегемонијата на советската држава и нејзината партија над меѓународното комунистичко движење го постави јасно и сурово, самиот Сталин, што доведе до распаѓање на Коминтерната“ (212).

Од посебна важност се секако и страниците посветени на внатрешно-политичките судири што се појавиле во редовите на КПСС меѓу Троцки, од една страна, и Сталин, Зиновјев и Камењев, од друга страна.

Во третиот дел „1931—1941“, поместен во втората книга (213—354), авторот зборува за неговите односи со Комунистичката интернационала откако во 1931 година бил поставен на чело на КП на Швајцарија. Тоа бил најбурниот и најтешкиот период во неговата работа како комунистички активист.

И во овој последен дел авторот го задржува нашето внимание на внатрешно-политичките судири во КПСС. Отстранувањето на Троцки, Зиновјев и Камењев од редовите на КПСС, а подоцна и отстранувањето на т.н. „десна опозиција“ на чело со Бухарин, Риков и Томски предизвикало тешки политички последици. Ако квалификациите против Троцки, а подоцна против Пјатаков, Радек и Сокољеников биле прифатени и поддржани од Имбер-Дроз, по ликвидикацијата на Бухарин и големите сталинистички чистки (1937—1938), кај многу комунисти, како и кај Имбер-Дроз се појавиле сериозни сомневања.

Трогателни се скоро страниците кога авторот стигнува до сознанието дека процесите против „политичката опозиција“ во КПСС, биле монтирани и, според авторот, биле природен резултат на веќе бирократизираниот државен механизам. „Излишно е да се зборува дека жалам, пишува Дроз, и дека се откажувам од брошурите и од статиите што сум ги објавил за судењето во 1937, од брошурата под наслов **Од погрешна теорија до злостор**. Подоцна се уверив колку сум бил лекомислен и изигран“ (321). Ж. Имбер-Дроз ја сфатил историската порака на Лениновиот тестамент од 1923 година дека Сталин, по својот карактер и со недозволената концентрација на власта во свои раце, ќе донесе големи деформации за социјализмот. Суштинската порака на делото мислиме дека се наоѓа токму тука. Напаѓајќи ја во суштина Сталиновата политичка концепција, Имбер-Дроз упатува кон враќање на Лениновите историски вредности што во суштина на социјализмот му ја гарантираат иднината.

На крајот, книгата содржи Регистар на лични имиња со опширни биографски податоци, како и библиографија на користената литература (357—412) за пишувањето на оваа, навистина, вредна книга.

Содржината, информацијата и присуството на историската објективност, ги прават мемоарите на Жил Имбер-Дроз погодни за користење не само на тесниот круг специјалисти, туку и за поширокаta јавност.

Слободанка ФИЛИПОВСКА